Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 31-а од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија бр. 103/08 и 33/2010), министерот за образование и наука ја утврди експерименталната програма за настава по предметот *босански јазик* за VII одделение на деветгодишното основно образование.

**ЕКСПЕРИМЕНТАЛНА ПРОГРАМА ЗА НАСТАВА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 23. 04. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1497/1 | | |

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# БОСАНСКИ ЈАЗИК

**VII ОДДЕЛЕНИЕ**

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Скопје, 2009

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

## 1. НАЗИВ НА ПРЕДМЕТОТ

Наставата по предметот *босански јазик* за учениците од VII до IX одделение им овозможува продлабочување, проширување и синтетизирање на здобиените знаења и способности за примена на босанскиот јазик во сите видови на комуникација, како и за поттикнување на интересот за развојот на јазикот низ историјата. Преку наставата по босански јазик се усовршуваат способностите на учениците за слушање, читање, доживување и толкување на литературните текстови, за истражување, творење, писмено и усно изразување на стандарден босански јазик.

Предметот босански јазик создава основа за примена на здобиените знаења и игра многу значајна улога во остварувањето на воспитниот процес, преку литературните и другите текстови, во смисла на естетската, етичката, социјалната, националната и другите компоненти што го сочинуваат воспитно-образовниот курикулум.

Според наставниот план за предметот босански јазик се планирани по 4 часа неделно, односно 144 наставни часа годишно.

Наставниот предмет босански јазик во наставниот план има статус на задолжителен наставен предмет.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД VII, VIII И IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да покажува интерес и знаење за историскиот развој на босанскиот јазик;
- да усвојува поими, содржини и правила од фонетиката, морфологијата, синтаксата и коректно да ги применува при усното и писменото изразување;
- да прави разлика меѓу лексичкото и граматичкото значење на зборовите;
- да ги препознава неологизмите и да го толкува нивното значење;
- правилно да ги употребува правописните норми;
- да умее да интерпретира текстови од народната и од уметничката литература;
- да ги препознава спецификите и да прави разлика при наставната интерпретација меѓу лирско, епско и драмско дело;

- да се поттикнува за интегрално (целосно) читање книги од различни родови и видови;
- да се оспособи за критички и креативен пристап кон литературни, научни и други видови текстови;
- да се оспособува за разни форми на писмено изразување, со посебен акцент на креативното пишување;
- да се оспособи за интерпретирање и вреднување на литературни, сценски, филмски, телевизиски и друг вид на медиумска продукција;
- да умее да прави корелација со содржини од другите наставни подрачја, особено со уметничките подрачја - ликовното, музичкото, филмското, театарското и др.;
- да се оспособи за примена на информациите до кои доаѓа преку ИКТ.

## 3. РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да развива интерес и знаење за првите споменици и обележја напишани на босанскиот јазик;
- да ја знае поделбата на согласките според звучноста и според начинот на образување и да се запознае со основните карактеристики на гласовните промени;
- да се привикнува правилно да ги акцентира зборовите во усното изразување;
- да ги разликува зборовите од именската група на зборови (именки, придавки, заменки и броеви), нивните заеднички и одделни граматички категории и да ја знае нивната промена;
- да се оспособува да ги разликува граматичките категории (вид, лице, број, време, начин) кај глаголите;
- да се оспособува да ги разликува основните (главните реченични членови);
- да разликува зборови со различно лексичко значење во усната и писмената комуникација;
- да продолжи да ги усвојува правописните правила на босанскиот јазик, особено поради интерференцијата со јазикот на средината којашто е карактеристична за билингвалните говорители;
- да се оспособува за правење разлика меѓу авторската и народната поезија;

- да умее да ги класифицира лирските песни според мотивите;
- да се оспособува за композициска анализа на песна (стих, строфа, рима и видови рими);
- да се оспособува за препознавање на разликите меѓу мит, легенда и преданија;
- да се оспособува да разликува фабула од содржина;
- да умее да ги разликува формите на раскажување (раскажување во прво лице, во трето лице и сезнаечки раскажувач);
- да се оспособува за детално опишување и толкување трагедија и комедија и радиодрама;
- да прави разлика меѓу видови филмови според намената и содржината;
- да ги запознае и прошири знаењата од културата и традицијата на Бошњаците.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Јазик (50 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | **Историја на јазикот** | | |
| ученикот/ученичката:<br>- да се запознае со првите пишани споменици на босански јазик. | - Развој на писменоста: Први пишани споменици на босански јазик | - Епиграфика<br>- Епитаф (надгробни споменици) | - Вежби на однапред подготвени материјали за првите пишани споменици на босански јазик (фотокопии од првите споменици: Хумачка плоча, Кулинова повеља). |
| | **Фонетика** | | |
| Да ја знае поделбата на согласките според звучноста и според начинот на образување;<br>да се запознае со основните карактеристики на гласовните промени: | - Поделба на согласките според звучноста<br>*Гласовни промени:*<br>- I и II палатализација<br>- Непостојано *а*<br>- Промената на *л* во *о*<br>- Едначење на согласките според звучноста | - Звучност/ безвучност<br>- Палаталност/ непалаталност<br>- Палатализаци-ја<br>- Сибиларизаци-ја<br>- Јотување<br>- Асимилација/ | - Вежби на однапред подготвени текстови за забележување на дадените гласовни промени при градбата и промената на зборовите.<br>- Вежби за воочување на промената во зборовите при едначење по звучност.<br>- Вежби за препознавање на гласовната појава палатализација во речениците со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| палатализација и сибиларизација, непостојано *а*, промената на *л* во *о*, едначење на согласките според звучноста и според начинот на образување, јотување, асимилација на самогласките и губење на согласките; | - Едначење на согласките според начинот на образување<br>- Јотување<br>- Асимилација на самогласките<br>- Губење (дисимила-ција) на согласките | дисимилација | заокружување на точниот збор.<br>- Вежби со откривање на промената на зборовите кај придавките во компаратив, односно јотување.<br>- Вежби за воочување на промената преглас на вокалите и непостојано *а* во зборовите. |
| - да се привикнува правилно да ги акцентира зборовите во усното изразување. | - Акцент во босанскиот јазик | - Акцент<br>- Должина<br>- Интонација | - Вежби за правилно акцентирање преку читање текстови и усно изразување.<br>- Вежби за обележување на местото на акцентот и за определување на должината на акцентираните слогови. |
| | **Морфологија** | | |
| - Да ја препознава именската група зборови (именки, придавки, заменки и броеви);<br>- да определува што е заедничко во именската група зборови;<br>- да ги разликува заедничките граматички категории што ги има именската група зборови; | - Именска група зборови: именки, придавки, заменки и броеви<br>- Граматички категории заеднички за именската група зборови (род, број и падеж) | - Видови зборови<br>- Именска група зборови<br>- Граматички категории | - Вежби за распознавање на именската група зборови (именки, придавки, заменки и броеви).<br>- Вежби за препознавање на заедничките граматички категории кај именската група зборови од кои може да се види нивното согласување во граматичките категории род, број и падеж. |
| - да го разликува родот кај именките (природен и | - Именки<br>- Природен и граматички | - Именки<br>- Природен род | - Вежби за препознавање на именките што имаат природен род и споредба со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| граматички);<br>- да ги препознава видовите множина кај именките; | род кај именките<br>- Видови множина кај именките | - Граматички род<br>- Видови множина | нивниот граматички род.<br>- Важби за препознавање на машкиот, женскиот и средниот род кај примери со именки.<br>- Вежби со трансформирање на еднински во множински форми на именките.<br>- Вежби за препознавање на видовите множина во реченици и кратки текстови. |
| да ги знае и да ги разликува граматичките категории кај глаголите;<br>- да го разликува свршениот и несвршениот вид кај глаголите;<br>- -да ги препознава безличните глаголски форми;<br>- да ја применува граматичката категорија време кај глаголите (минато, сегашност, иднина); | - Глаголи<br>- Граматички категории кај глаголите: вид, лице, број, време, начин<br>- Безлични глаголски форми | - Глаголи<br>- Граматички категории<br>- Вид<br>- Лице<br>- Број<br>- Време<br>- Начин<br>- Безлични глаголски форми | - Вежби за препознавање на граматичките категории кај глаголите.<br>- Примери за препознавање на глаголи од свршен и несвршен вид.<br>- Вежби за надополнување на кратки текстови со глаголи во различни лица и број.<br>- Вежби со примери со безлични глаголски форми.<br>- Пишување на реченици со дадена група зборови притоа да се запази категоријата време. |
| да ги препознава граматичките категории кај придавките;<br>да ги знае специфичностите на категоријата вид кај придавките;<br>да се запознае подетално со карактеристиките на | - Придавки<br>- Граматички категории кај придавките (род, број, падеж)<br>- Категоријата вид кај придавките<br>- Деклинација на придавките (промена на определените и | - Придавки<br>- Граматички категории (род, број, падеж)<br>- Категоријата вид кај придавките<br>- Деклинација<br>- Промена на | - Вежби со промена на придавките (определени и неопределени).<br>- Примери со придавки употребени во именска група, соодветна употреба и согласување на придавките со именки.<br>- Вежби за препознавање на падежните промени кај придавките.<br>- Вежби каде што е дадена основната форма на придавката и градење на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| деклинацијата кај придавките (промена на определените и неопределените придавки);<br>- да ги употребува придавките во соодветна форма во составот на именската група;<br>- да го разликува и да го применува степенувањето кај придавките (компаратив, суперлатив) во споредба со основната форма; | неопределените придавки)<br>- Согласување (конгруенција) на придавките со именките<br>- Степенување кај придавките | определени придавки<br>- Промена на неопределени придавки<br>- Конгруенција<br>- Компаратив<br>- Суперлатив | компаратив и суперлатив. |
| - да ги применува броевите како видови зборови;<br>- да ги препознава граматичките категории кај броевите како видови зборови;<br>- да ги разликува менливите и неменливите броеви;<br>- да се запознае подетално со карактеристиките на деклинацијата кај броевите;<br>- да ги знае основните карактеристики на согласувањето (конгруенцијата) на броевите со именките; | - Броеви<br>- Граматички категории кај броевите (род, број и падеж)<br>- Согласување (конгруенција) на броевите со именките<br>- Бројни форми за лица<br>- Приближна бројност | - Броеви<br>- Граматички категории (род, број и падеж)<br>- Деклинација<br>- Конгруенција<br>- Приближна бројност | - Вежби за препознавање на граматичките категории кај броевите и вежби со промена на броевите.<br>- Примери во кои се гледаат карактеристиките на конгруенцијата на броевите и примери со бројни форми за лица.<br>- Вежби во кои паралелно се дадени примери од определена бројност да се трансформираат во приближна бројност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| да ги разликува бројните форми за лица;<br>да има претстава за приближна бројност. | | | |
| | **Синтакса** | | |
| Да умее да ги разликува главните реченични членови;<br>да го разликува глаголот во личноглаголска форма како оформувач и главен составен дел на реченицата, во функција на прирок;<br>да знае да го определи прирокот;<br>да ги разликува личните и неличните глаголски форми различните употреби на зборовите во функција на реченични членови во споредба со нивното граматичко толкување; | - Реченица<br>- Главни реченични членови<br>- Глагол во лична глаголска форма во функција на прирок | - Главни реченични членови<br>- Прирок<br>- Видови прирок<br>- Глагол во лична глаголска форма | - Вежби за разликување на главните реченични членови.<br>- Препознавање на глаголот во лична глаголска форма како носител на реченицата.<br>- Разликување на неличните глаголски форми (глаголска придавка , глаголска именка и глаголски прилог) што не се јавуваат во функција на прирок. |
| да го препознава и да го именува предметот во реченицата;<br>да го препознава атрибутот;<br>да умее да го користи во изразувањето. | - Реченични членови<br>- Предмет<br>- Второстепен реченичен член: атрибут | - Предмет<br>- Атрибут | - Вежби со примери од текстови од различни функционални стилови за препознавање на предметот во речениците.<br>- Вежби за откривање на атрибутот во текстови.<br>- Вежби за збогатување на речениците со атрибут.<br>- Самостојно составување реченици во кои |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | се употребува предмет. |
| | **Речник и стил** | | |
| - Да прави разлика во лексичкото значење на зборовите и нивното граматичко значење;<br>- да ги препознава хомонимите; | - Лексичко значење на зборовите: синоними, антоними, пароними (како повторување) и хомоними | - Хомоними | - Вежби за толкување на зборовите од граматички и од лексички аспект.<br>- Вежби со примери каде што се употребени хомоними. |
| - да има општа претстава за новосоздадените зборови (неологизмите) и за сферите на нивната употреба, толкување и препознавање на нивното значење. | - Новосоздадени зборови (неологизми)<br>- Толкување и употреба на неологизмите | - Неологизми (новосоздадени зборови) | - Примери со текстови каде што се употребени неологизми.<br>- Толкување на неологизмите од избрани текстови. |
| | **Правопис** | | |
| - Да знае правилно да ги употреби интерпункциските знаци; | - Интерпункција<br>- Употреба на интерпункциските знаци: црта, цртичка, загради, ѕвездичка, апостроф | - Интерпункци-ски знаци | - Вежби за правилна употреба на интерпункциските знаци (црта, цртичка, загради, ѕвездичка, апостроф) во писменото изразување.<br>- Проверување, повторување и вежбање на содржините од претходните одделенија со посебен осврт на проблемите предизвикани од интерференцијата со јазикот на средината, карактеристична за билингвалните говорители. |
| - да умее да ги изговара и пишува зборовите во кои се изведени гласовни промени I и II палатализација непостојано *а*, | - Правилен изговор и пишување на зборовите во кои се изведени гласовни промени од I и II палатализација непостојано *а*, | | - Вежби за правилен изговор и пишување на зборовите во кои се изведени гласовни промени I и II палатализација непостојано *а*, промената на *л* во *о*, едначење на согласките според звучноста и според начинот на образување, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| промената на *л* во *о*, едначење на согласките според звучноста и според начинот на образување, јотување. | промената на *л* во *о*, едначење на согласките според звучноста и според начинот на образување, јотување. | | јотување. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Литература и лектира (45 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | **1. Поезија** | | |
| Ученикот/ученичката: да знае да ги објасни белезите на авторската поезија во споредба со народната поезија; | - Белези на авторската и на народната поезија | - Авторска поезија<br>- Народна поезија | - Песни од народната и уметничката (авторска поезија). Споредување на истите.<br>- Вежби за објаснување на разликите меѓу народната и авторската поезија. |
| да ги класифицира лирските песни според мотивите (родољубиви, пејзажни, љубовни, хумористични); | - Класификација на лирските песни според мотивите | - Мотив | - Творби со различни мотиви. Класификација на истите според мотивите.<br>- Вежби за објаснување на визуелните и аудитивните елементи во песните.<br>- Аудиосредства.<br>- Вежби за творење песни. |
| да прави композициска анализа на песна (стих, строфа, видови рими според акцентот); | - Организација на стиховите во строфи: двосложни, тросложни, четворосложни (катрени)<br>- Рима | - Композиција на песна | - Вежби за анализа на поетски творби со разична организација на стиховите.<br>- Вежби за определување на видот на римата (според акцентот).<br>- Вежби за творење поетски творби со различна организација на стиховите, римите. |
| да ги посочува и да го толкува значењето на стилските фигури во | - Стилски фигури: ономатопеја, компарација и | - Стилски фигури: ономатопеја; компарација; | - Текстови од народната и авторската литература.<br>- Вежби за рецитирање. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| текстовите;<br>- да дава сопствени примери (при творењето свои творби). | метафора | метафора | - Вежби за<br>- Аудио средства.<br>- Творење лични творби со примена на стилските фигури. |
| | **Проза** | | |
| - Да разликува фабула од содржина;<br>- да определува тема и идеја на творби; | - Елементи на прозен текст: фабула, тема и идеја | - Фабула<br>- Тема<br>- Идеја | - Творби од анонимната и авторската литература.<br>- Вежби за разликување на фабулата и содржината, вежби за интерпретирање на фабула.<br>- Вежби за определување на темата и идејата на творбите. |
| - да ги објаснува разликите меѓу раскажувач во прво и во трето лице и сезнаечки раскажувач; | - Формите на раскажување: раскажувач (наратор) во прво лице (ЈАС-форма), во трето лице (ТОЈ-форма и сезнаечки раскажувач) | - Сезнаечки раскажувач (наратор) | - Вежби за препознавање и објаснување на формата на раскажување.<br>- Творби со различни форми на раскажување (во прво и во трето лице и сезнаечки наратор).<br>- Текст-метод, монолошки, дијалошки метод. |
| - да ги согледува елементите на митот, сказната, легендите и на преданијата. | - Народна проза: мит, сказна, легенди и преданија | | - Мит.<br>- Сказна.<br>- Легенда.<br>- Предание. |
| | **Драма** | | |
| - Да ги препознава спецификите на основните драмски видови, со посебен акцент на трагедијата и комедијата, како и на радиодрамата за деца;<br>- да претвора драмски | - Основни драмски видови: трагедија, комедија и современа драма (поим)<br>- Радио и радио-драма за деца. | - Трагедија<br>- Комедија<br>- Современа драма<br>- Радиодрама за деца | - Извадоци од соодветни драмски текстови.<br>- Вежби за препознавање и определување на етапите на драмското дејство; метод на читање по улоги; метод на креативно пишување за претворање на прозен во драмски текст и обратно; аудитивен метод: слушање радиодрама и правење разлика во говорот на актерите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| текст во раскажувачка форма. | | | |
| | 3. Лектира | | |
| Да знае да прераскажува фабула на прочитана творба;<br>да открива и објаснува мотив, тема, идеја од прочитана творба;<br>да го определува нарато-рот, литературниот род и вид на творбите;<br>да умее со аргументи да дискутира за содржината на одреден проблем во творбата и за ликовите (надворешни и внатрешни карактеристики и дејства, функции на ликовите). | - Наслови од босанската, македонската и од светската литература | - Интегрално читање на литературно дело дома – лектира. | - Вежби за насочено читање на лектирната творба, по однапред направен план на наставникот. На пр.: *Во дневникот за читање запиши го времето и местото на настанот во делото; Со кои ликови се среќаваме во делото? Кој е главен лик, според тебе? Опиши ги ликовите што му се спротивставени на главниот лик. Обиди учениците да дадат коментар за причините поради кои дошло до спротивставување…*<br>- Метод на коментар. |

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Изразување и творење (34 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | **Писмено и усно** | | |
| Ученикот/ученичката:<br>- да го согледа значењето на зборовите за културна комуникација (молам, повелете, извинете, благодарам и сл.); | - Разговорот како вид комуникација | - Разговор | - Вежби за водење импровизирани разговори во различни животни ситуации (во автобус, продавница, училиште, кино, театар, на роденден и сл.).<br>- Разговор за договорена тема (за прочитана книга, за спорт, за филм и ТВ-емисија, за настан). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да раскажува точно и стилски збогатено доживеани или измислени настани;<br>- да презентира хронолошко и ретроспективно раскажување;<br>- да умее да продолжи текст по даден почеток или да „измисли“ поинаков крај;<br>- да опишува детално;<br>- да прераскажува творба, претстава (театарска или филмска), ТВ-емисија;<br>- да трансформира директен исказ во индиректен и обратно; | - Хронолошко и ретроспективно раскажување<br>- Детално опишување<br>- Креативно пишување | - Раскажување<br>- Прераскажување<br>- Опишување<br>- Креативно пишување | - Вежби за збогатување на изразувањето при раскажување, прераскажување и почитување.<br>- Вежби за хронолошко и ретроспективно раскажување.<br>- Вежби за креативно пишување со трансформација на една во друга форма на литературен текст (од драма во проза или во поезија).<br>- Вежби за детално опишување (на лик, драмско лице, предмет, пејзаж, природна појава и сл.).<br>- Вежби за прераскажување на прочитана творба, театарска или кинопретстава, ТВ-емисија.<br>- Вежби за трансформирање на директни искази во индиректни и обратно. |
| - да знае која е основната цел на соопштенијата и вестите;<br>- да умее да презентира соопштение и вест. | - Известување: соопштение и вест<br>- (Споредба) | - Соопштение<br>- Вест | - Писмени вежби за составување соопштение и вест.<br>- Презентирање соопштенија и вести. |
| | - Три писмени работи (една во прво полугодие и две во второ полугодие) | - Писмена работа | - Подготовка за писмена работа на зададена тема низ разговор, коментар и синтетизирање на претходно здобиените знаења на учениците. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Медиумска култура ( 5 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Да прави разлика меѓу различни видови филмови според намената и содржината;<br>- да знае концизно да прераскажува содржина на гледан филм од кој било вид;<br>- да умее да го согледа позитивното и негативното во постапките на ликовите во филмот; | - Видови филмови според намената и според содржината | - Видови филмови | - Заедничко следење на филм (според можностите).<br>- Разговори за разликите меѓу различни видови филмови.<br>- Прераскажување на содржината на проследените филмови.<br>- Дискусии за позитивните и негативните постапки на ликовите. |
| - да ги осознае техниките и развојните периоди на цртаниот филм и куклената театарска претстава;<br>- да ги воочува и позитивните и негативните карактеристики во однесувањето на ликовите (од цртани филмови и куклени претстави); | - Цртан филм - оживување на цртежи и на кукли | - Анимиран филм<br>- Куклена претстава | - Разговори за филм и стрип-списанија.<br>- Вежби за правење стрип и споредба со цртан филм (статичен цртеж и цртежи во движење).<br>- Разговор за ликовите и нивните карактерни особини (позитивни и негативни). |
| - да ги воочува образовната и воспитната улога на | - Документарен филм | - Документарен филм | - Разгледување на прирачници и списанија за филм.<br>- Заедничко следење на документарен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| овие филмови во културата на живеењето;<br>- да ја осознае улогата на овие филмови во збогатувањето на знаењата; | | | филм.<br>- Разговор за содржината на документарен филм.<br>- Дискусии за улогата на филмот во процесот на воспитанието и образованието, како и во збогатувањето на знаењата. |
| - да ги разликува и именува деловите во печатеното дело;<br>- да ја знае содржината на деловите на делото и нивната намена. | - Делови на печатено дело: пасус, предговор, поговор, глава, том | - Делови на книгата<br>- Пасус<br>- Предговор<br>- Поговор<br>- Глава<br>- Том. | - Разгледување печатени дела кои ги содржат овие делови (од различен вид дела).<br>- Разговор за содржината на деловите на печатеното дело (книга).<br>- Вежби за препознавање на деловите. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Култура на Бошњаците (10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | | | |
| Ученикот/ученичката:<br>Да се запознае со музичкото творештво на Бошњаците; | - Народни песни, инструменти, носии, ора и игри | Народни песни, инструменти, носии, ора и игри | - Собирање и слушање на народни бошњачки песни.<br>- Запознавање со традиционалните музички инструменти, носии и ора. |
| да се запознае со ародните обичаи и обреди а Бошњаците; | - Народни обичаи и обреди | Народни обичаи и обреди | - Разговор за обичаите и обредите на Бошњаците. |
| да се запознае со старите наети и специфичностите а архитектурата; | - Стари занаети и архитектура | Стари занаети и архитектура | - Посета на занаетчиски дуќан.<br>- Разгледување на фотографии со карактеристични елементи од архитектурата. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Експерименталната програма за настава по предметот **босански јазик** е конципирана според современите методи за стекнување знаења и способности на учениците и примена на принципот на корелација и интеграција во самата експрименталана програма меѓу сите програмски подрачја, а особено меѓу програмските подрачја **Јазик** и **Литература**. Така, низ обработката на примерите од литературни текстови може да се применуваат и да се проверуваат здобиените знаења за јазикот и правописот. Исто така, во интегрираното планирање на предметното подрачје **Јазик** треба да се вклучуваат и содржините од странските јазици што ги изучуваат учениците, при усвојувањето поими од граматиките на странските јазици; како и од предметот *историја* (кога учениците се запознаваат со историскиот развој на јазикот); со *ликовното образование* (со ликовно претставување на ликови, настани и пејазажи од интерпретираните литературни текстови); со *музичкото образование* (преку содржините што се поврзани со римата и фигурите на јазикот) и сл.

Во севкупното планирање на содржините за наставниот предмет босански јазик треба да се планираат и постапките и начините за вреднување на постигнатите резултати на учениците за време на реализацијата на експериментална програма и на крајот од определени образовни периоди. Тоа подразбира дека вреднувањето треба да е дел од дневните, тематските и од глобалните планирања на наставниот процес.

Планирањето на наставата по босански јазик треба да биде во координација со Наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите воспитно-образовни подрачја (Јазик, Читање, Литература и Лектира, Изразување и творење, Медиумска култура и Култура на Бошњаците). При одредувањето на бројот на часовите за предметното подрачје треба да се имаат предвид и другите специфичности за изведување на наставата во училиштето каде што работи наставникот. Во планирањето на наставната програма треба да се води сметка за различното тежинско ниво на програмските содржини во рамките на програмата што се извлекува од поставеноста на целите, како што треба да бидат основа на планирањето во наставниот процес. При планирањето на наставните содржини наставникот, исто така, треба да води сметка за потребното време (број на часови) што е неопходно за да се постигнат поставените цели. Притоа треба да се внимава рационално да се користи целокупниот фонд на часови што се предвидени за наставниот предмет.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови*: 144 часа годишно, 4 часа неделно.

По наставни подрачја може да се планира следниот број на часови: Јазик – 50 часа; Литература и лектира – 45 часа; Изразување и творење – 34 часа; Медиумска култура – 5 часа и Култура на Бошњаците - 10 часа.

*Наставни средства:*

- прирачник за учениците и наставниците за предметот босански јазик;
- енциклопедии, речници и сл.;
- списанија за деца и млади;
- аудитивни, визуелни и аудио-визуелни средства ЦД, литературни текстови, звучни записи;
- Интернет, образовни софтвери;
- други извори на знаења од библиотеки, различни публикации и сл.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*

На почетокот од учебната година наставникот врши дијагностичко проверување на нивото на постигнатите знаења и способности на учениците од претходното одделение. Дијагностичкото проверување наставникот може да го реализира со примена на повеќе инструменти, како што се: дијагностички тестови, со анкетни листови, со усни прашања подготвени од наставникот, со пишување куси состави и сл.

Добиените резултати претставуваат основа за планирање и реализација на наставната програма, како и за оценување на постигањата на учениците во текот на наставната година.

*ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

Во текот на наставата по босански јазик во VII одделение се препопрачува формативно следење кое ќе овозможи формирање на објективни описи како повратна информација за постигањата на учениците во определен временски период. Формативното следење на постигањата на учениците наставникот може да го реализира со користење на повеќе методи за оценување:

- разговори наставник – ученик;
- усни презентации;
- писмени вежби;
- тестови;
- домашни задачи;
- водење портфолио – собирање показатели за постигањата на секој ученик посебно (ученички творби, искази, изработки и сл.). Портфолиото треба да се води во текот на целата година и истото треба да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во следењето на постигањата на учениците во наставата по босански јазик.
- Портфолиото на ученикот со селектирани податоци продолжува да се води во наредното повисоко одделение.

Добиените резултати од следењето на постигањата на учениците овозможуваат креирање на планирани усни и пишани повратни информации, кои во форма на описи се наменети за учениците, родителите и за самите наставници.

На крајот од секое тримесечје се оформуваат тримесечни оценки за постигањата на учениците.

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето и проверувањето на постигањата на учениците во текот на реализацијата на наставната програма, наставникот ја опишува развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје. Од формираните описни оценки внесува и соодветни нумерички оценки.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЕКСПЕРИМЕНТАЛНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

За реализација на експерименталната програма по босански јазик, а во согласност со Законот за основно образование, предвидено е оваа настава да ја реализираат наставниците кои завршиле:

- Филолошки факултет – Историја на книжевноста на народите на СФРЈ, со српски јазик како втор главен предмет
- Филолошки факултет - Група за македонска и јужнословенска книжевност со српски јазик како втор предмет;
- Филолошки факултет - Група за македонски јазик и книжевност, со српски јазик како втор главен предмет.
- Филолошки факултет – Српски јазик под А (стара програма)
- Босански, хрватски и српски јазик и книжевност.

Изготвил: Стручен тим според решение бр. 02 – 10637/1
Одобрил: Ајше Ајрулаи
Контролирал: Митко Чашларов

**Потпис и датум на утврдување на експерименталната програма**

Експерименталната програма за настава по *босански јазик* за VII одделение на деветгодишното основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден

23. 04. 2010

Министер

Никола Тодоров

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-408/8
23. 04. 2010 год.
СКОПЈЕ